РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 02-6303/1
27-09-2024 20 ___ год. / viti

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати
Бр. 0307-3595/
27.09.24 год.
СКОПЈЕ 4

# ДОГОВОР

## за набавка на гориво за возила со безготовинско плаќање на бензински пумпи

Склучен на ден 27-09-2024. 2024 година, помеѓу:

## I ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст: **Договорен орган, и**

2. **МАКПЕТРОЛ АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОМЕТ СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ СКОПЈЕ**, со ЕМБС 4057643, со седиште на ул. „Св Кирил и Методиј" бр.4 Скопје, претставувано од **Управител Зоран Доневски**, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**

## II ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како поедноставена отворена постапка за набавка на стоки во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи, Одлуката за определување на цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија која е на сила на денот на испораката, Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика, од која цена ќе се одземе попустот даден во понудата, Правилникот за квалитет на течни горива) и важечките подзаконски акти,

како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-5735/1 од 29.08.2024 година, одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-5735/6 од 20.09.2024 година, донесена во истата постапка, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор е **набавка на гориво за возила на бензински пумпи со безготовинско плаќање за потребите на Министерство за социјална политика**, демографија и млади односно користење на безготовинска картичка за гориво за потребите на возилата во сопственост на Министерство за социјална политика, демографија и млади. Со овој договор се регулираат меѓусебните односи на договорните страни кои настануваат во врска со користење на безготовинска картичка која ја издава носителот на набавката.

## III ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Овој Договор е со важност од 1 година, сметано од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

## IV ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната вредност на договорот ќе се утврди врз основа на реално извршената испорака, но нема да го надмине износот од 1.000.000,00 денари без данокот на додадена вредност, односно 1.180.000,00 денари со вклучен данок на додадена вредност .

Договорниот орган го задржува правото да нарачува количини согласно своите потреби до износот на кој ќе биде склучен договорот со најповолниот економски оператор. Количините на потребното гориво ќе бидат во согласност со реалните потреби на договорниот орган. Понуденото гориво треба да биде согласно Правилникот за квалитет на течни горива (Службен весник бр.88/07, 90/07, 105/07, 15/08, 78/08, 156/08, 81/09).

Носителот на набавката има право на промена на цената на горивото во согласност со моменталната пазарна цена на истото за времетраењето на Договорот. Корекција на цените ќе се врши согласно Одлуката за определување на цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија која е на сила на денот на испораката. Основица за пресметка на цената на 1 литар гориво на денот на испораката ќе биде највисоката малопродажна цена (1 група на цени) на соодветното гориво утврдена со последната Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Цената на горивата во ниту еден случај не смее да биде повисока од цената на горивата предмет на набавка Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-Е V) која важи во малопродажба на бензиски пумпи за секој купувач. Во зависност од потребите на договорниот орган горивото ќе се набавува сукцесивно. Договорниот орган не се обврзува да ги истроши предвидени количини согласно спецификацијата на тендерската документација.

## V НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Начинот на плаќање е во рок од 30 дена од денот на приемот на секоја поединечна фактура во архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Член 5**

За реализираните испораки во текот на еден календарски месец Носителот на набавката ќе доставува 2 (две) фактури до архивата на Договорниот орган и тоа:
- за реализираните испораки од 1-ви до 15-ти, до крајот на тековниот месец, и
- за реализираните испораки од 16-ти до 30-ти (31-ви), до 15-ти во наредниот месец.

Со фактурата носителот на набавката доставува и спецификација во која ќе биде наведено: број на безготовинска картичка, времето и местото на испорака на горивото, видот и количината на купеното гориво и регистарската ознака на возилото, износот на купеното гориво со внесен попуст.

## VI ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Местото на испорака ќе биде на бензиска пумпа чија местоположба мора да ги задоволува условите од техничката и професионална способност дадени во тендерска документација.

Рокот на испорака е веднаш штом возилото сопственост на Министерство за социјална политика, демографија и млади ке дојде до бензиската пумпа. За таа цел договорниот орган ќе издаде листа на возила во негова сопственост кои се користат. Секое возило сопственост на Министерство за социјална политика, демографија и млади може да полни бензин од било која бензиска пумпа на носителот на набавката. Испораката на предметот на набавката ќе се врши сукцесивно според потребите на Договорниот орган на бензинските пумпи на носителот на набавката со безготовински картички на територијата на Република Северна Македонија, 24 часа секој работен ден, како и во неработни денови (викенд, државен и верски празник, прогласени за неработни денови) доколку има потреба.

Носителот на набавката се обврзува безготовинската картичка за гориво да ја издава на писмено барање на Договорниот орган и за возило што ќе го определи Договорниот орган.

Со барањето Договорниот орган ќе ги достави и следните податоци:

- вид на возило,
- регистарски број на возило,
- месечен лимит на потрошувачка искажан во денари со вклучен ДДВ за секое возило поединечно,
- список на лица кои смеат да ја користат картичката, и
- копија од потписното картонче на Договорниот орган.

Барањето ќе се смета за важечко само ако е поднесено од законскиот застапник на Договорниот орган, односно од него овластено лице со приложено овластување.

**Член 7**

Безготовинската картичка за гориво што Носителот на набавката ја издава на Договорниот орган може да се употребува од овластените корисници на возилата на сите бензински станици на Носителот на набавката, само за купување на горива. Други производи е забрането да бидат продавани од страна на носителот на набавката со безгтовинските картички кои се издадени од носителот на набавката согласно овој договор со намена за купување на гориво за службени возила на договорниот орган. За вработените во договорниот орган е забрането да купуваат други производи освен гориво за службените возила со издадените картички по основ на овој договор.

Доколку дојде до таков случај вредноста на набавените производи ќе ја надомести вработениот во договорниот орган кој ја употребил картичката за друга намена.

Во текот на важноста на овој договор може да се поднесе барање за издавање на нова или поништување на веќе издадена картичка во зависност од потребите на договорниот орган на пр. заради купување на ново возило, оттуѓување на возило или по оценка на одговорното лице кај договорниот орган или пак промена на лимитот на картичката.

Лицата вработени кај договорниот орган, кои се определени или овластени за користење на картичките се должни да ги следат следниве правила:

- -со картичката не смее да се набавува ништо друго освен гориво за службени потреби и за службени возила,
- -не е дозволено земење на готовина врз основа на картичката,
- -во случај на кражба или губење на картичката треба веднаш да се извести носителот на набавката и лицето задолжено за следење на реализација на овј договор,
- -секое пресметковно ливче издадено на лице место при точење на гориво, се проверува веднаш и рекламации се даваат веднаш,
- -картичката не смее да се злоупотребува за точење на гориво во сопствено возило.
- Во случај на злоупотреба на безготовинската картичка за гориво Носителот на набавката има право на продажните места да ја одземе безготовинската картичка за гориво од корисникот на возилото и за тоа ќе го извести Договорниот орган.

**Член 8**

При плаќањето со безготовинска картичка за гориво носителот на набавката му издава на корисникот на возилото сметка во два примерока од кој едната за Договорниот орган а другата за Носителот на набавката.

Сметката своерачно(со име и презиме) ја потпишува корисникот на возилото. Проверката на сметката корисникот ја врши на самото продажно место и веднаш ги изјавува евентуалните забелешки. Проверка за типот, видот и количината на наточеното гориво се врши веднаш во моментот на купување на горивото. Типот, видот и количината на горивото се потврдува со потпис од страна на носителот на картичката.

## VII ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 9**

Договорниот орган преку корисникот на безготовинска картичка за гориво може во сите продажни места на Носителот на набавката да купува горива без да плати во готово, со исти цени и услови кој ги нуди продажното место на останатите купувачи само со презентација на безготовинската картичка за гориво.

**Член 10**

Договорниот орган преку корисникот на безготовинската картичка за гориво се обврзува да ги почитува следните правила:

- Безготовинската картичка за гориво да ја користи само за купување на горива (Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-Е V) ), односно не е дозволено земање на готови пари и други производи на основа на истата,

- На барање на носителот на набавката или на барање на Договорниот орган да ја врати картичката,

- Веднаш да пријави губење или кражба,

- Секоја сметка за купено гориво да ја провери на самото продажно место и да ја потпише и евентуалните рекламации да ги даде веднаш.

**Член 11**

Договорниот орган се обврзува во рок од 30 дена од датумот на прием на секоја поединечна фактура да изврши плаќање на Носителот на набавката. Во спротивно носителот на набавката има право да засмета и наплати законска казнена камата за целиот период на доцнењето.

**Член 12**

Договорниот орган е должен веднаш писмено да го извести носителот на набавката за:

- Евентуалното отуѓување на возилото и таквата картичка да ја одземе од корисникот на возилото и ја достави до Носителот на набавката за поништување.

- Губење или кражба на безготовинска картичка. Од моментот кога ќе се изгуби до моментот на пријавување на случајот во дирекцијата одговорноста е на Договорниот орган, а по пријавувањето на губењето, одговорноста е на Носителот на набавката.

Лица задолжени за реализација на договорот кај Договорниот орган е Тансел Османи или друго лице овластено од Министер .

## VIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 13**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 14**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 15**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за корист што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

Договорните страни се соласни евентуални спорови да се решаваат спогодбено во склад со важечките прописи и овој договор, но доколку тоа не е можно спорот ќе го решава надлежен суд во Скопје. Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

## IX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 17**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 18**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**За Договорниот орган:**
**Министер**
**Fatmir Limani**

**За Носителот на набавката**

**Зоран Доневски**

Изготвил:Благица Мирчевска
Одобрил: Славица Костовска
Контролирал: Љубица Панова
Согласен: Фатмир Сабриу